ОПШТИНА ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО

Предлагач: Градоначалник на ЕЛС Чешиново-Облешево
Горанчо Крстев - Градоначалник

Изготвувач: Одделение за финансии при
ЕЛС Чешиново – Облешево

Претставник: Милена Параклиев – Помлад соработник за изготвување на буџет

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА

ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

Март 2019 година

Содржина:

- Вовед

- Годишна сметка/наративен дел

- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност

- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотации за делегирани надлежности

- Извештај за користење на средствата од резервите

- Извештај според чл.34 став 2 алинеја 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа

- Прилози

- Биланс на приходи

- Биланс на и расходи

- Посебен дел

1. Вовед

1.1 Основни податоци за Општината

Општина Чешиново-Облешево се наоѓа во најнискиот рамничарски предел од Кочанско Поле. Зафаќа простор во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во подножјето на планините Осогово и Плачковица. Општината зазема средишна позиција помеѓу поголемите градски општини Кочани, Штип и Пробиштип. Преку главната сообраќајница Штип-Кочани-Делчево, општината се поврзува со Р. Бугарија.

Општина Чешиново-Облешево зафаќа територија од 133,5 км2, на која се протегаат следните населени места: Чешиново, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Чифлик, Кучичино, Бурилчево, Уларци, Жиганци, Бања, Врбица, Новоселани и Лепопелци. Седиштето на општината е во Облешево.

Целокупниот регион на општината е поделен на рамничарски дел - обработливо земјиште 6.618 ха и планински дел - шуми 1.045,3 ха. Просечната надморска височина во општината изнесува 338 метри.

Општина Чешиново-Облешево се карактеризира со висок степен на стопанска развиеност и има извонредна основа за перспективен економски развој. Тука се лоцирани и стопанисуваат повеќе индустриски и преработувачки капацитети во наредните години треба да се изградат и нови, за што веќе се откупени локации.

Граѓаните на Општина Чешиново – Облешево се занимаваат претежно со земјоделие и тоа со производство на ориз.

1.2 Буџет и Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Чешиново – Облешево за 2018 година беше донесен на седница на Советот на Општина Чешиново – Облешево , која се одржа на 29.12. 2017 година и почна да се извршува од 01.01.2018 година. При неговото изготвување беше користена стандардна процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја. Буџетот на Општина Чешиново – Облешево беше проектиран на 162.821.000 денари. Заедно со буџетот, на истата седница на Советот, е усвоена и Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2018 година.

Во текот на 2018 година беа направени два ребаланса на Буџетот на Општината, едниот во Јуни 2018, а другиот во Октомври 2018 година. Со извршените измени, приходите и расходите на Буџетот беа изменети на 124.882.000 денари во првиот ребаланс, односно беа намалени на 117.641.110 денари во вториот ребаланс. Причина за ваквите измени беше слабата реализација на приходите .

2. Годишна сметка

1. Приходи на Општината

1. Извршувањето на приходите на консолидираниот Биланс на приходи на Буџетот на Општина Чешиново – Облешево е во износ од 80.609.136 денари, што претставува извршување на приходите од 68,52 % од проектираните во Буџетот 117.641.110 денари.

Процентуалното учество на секој буџет посебно во консолидираниот Биланс на извршените приходи за 2018 година е следно:



2. Извршувањето на приходите на основниот буџет на Општина Чешиново – Облешево е во износ од 29.037.219 денари, што претставува 68,02% од вкупно проектираните 42.684.000 денари. Анализирајќи ги по видови приходите на основниот буџет, учеството на пооделните приходи е следен:



- Даночните приходи учествуваат со 8.643.947 денари, што претставуваат 29,76 % од вкупно остварените 29.037.219 денари.

Споредено со 2017 година кога беа остварени 7.589.587 денари, даночните приходи во 2018 година бележат зголемување од 13,89%.

- Неданочните приходи учествуваат со 4.006.163 денари, што претставуваат 13,79 % од вкупно остварените 29.037.219 денари.

Споредено со 2017 година, кога беа остварени 12.226.832 денари, неданочните приходи во 2018 година бележат намалување од 67,24%.

- Трансферите и донациите учествуваат во основниот буџет со 15.120.985 денари, што претставува 52,07 % од остварените 29.037.219 денари во 2018 година. Поединечно, овие приходи потекнуваат од: Агенцијата за државни патишта, дотација по основ на ДДВ.

- Капиталните приходи учествуваат со 1.266.124 денари, што претставуваат 4,36% од вкупно остварените 29.037.219 денари. Ова се приходи кои во најголем обем се остварени од продажба на неизградено градежно земјиште.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	***42.684.000***	**29.037.219**
71 Даночни приходи	**10.020.000**	**8.643.947**
711 Данок на доход, добивка и од капитални добивки	420.000	454.130
713 Даноци на имот	3.000.000	2.968.223
717 Даноци на специфични услуги	6.600.000	5.221.594
72 Неданочни приходи	**5.670.000**	**4.006.163**
722 Глоби, судски и административни такси	350.000	288.950
723 Такси и надоместоци	300.000	340.564
725 Други неданочни приходи	5.020.000	3.376.649
73 Капитални приходи	**2.994.000**	**1.266.124**
733 Продажба на земјиште и нематер. вложувања	2.994.000	1.266.124
74 Трансфери и донации	**24.000.000**	**15.120.985**
741 Трансфери од други нивоа на власт	24.000.000	15.120.985

Прилог 1 – Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи на основен буџет

2.2 Расходи на Општината

Извршувањето на расходите на консолидираниот биланс на расходи на Буџетот на Општина Чешиново – Облешево за 2018 година е во износ од 90.355.356 денари, што претставува 76,80% од проектираните 117.641.110 денари .



Извршувањето на расходите на основниот буџет е во износ од 30.530.966 денари, што претставува 71,52% од планираните 42.684.000 денари.

Анализирајќи го по видови, учеството на пооделните расходи во вкупните расходи на основниот буџет е како што следува:



- Плати, наемнини и надоместоци, реализирани се расходи во износ од 8.760.642 денари, што претставува 83,68% од планираните 10.468.000 денари. Во вкупно реализираните расходи за 2018 година, платите, наемнините и надоместоците учествуваат со 28,70%.

- Резерви и недефинирани расходи. Во буџетската 2018 година нема реализација од овие средства, а беа планирани 700.000 денари за извештајниот период.

- Стоки и услуги, реализирани се расходи во износ од 12.600.007 денари, што претставува 70,90% од вкупно планираните 17.771.000 денари или 41,27 % од вкупните трошоци на основниот буџет.

- Каматни плаќања, реализирани се расходи во износ од 21.804 денари, што претставува 87,21% од вкупно планираните 25.000 денари или 0,08% од вкупните трошоци на основниот буџет.

- Субвенции и трансфери, реализирани се расходи во износ од 2.162.993 денари или 76,56% од вкупно планираните 2.825.000 денари за 2018 година. Во однос на вкупно реализираните расходи на основниот буџет за 2018 година, овој вид на расходи учествува со 7,08%.

- Социјални бенефиции, реализирани се расходи во износ од 399.167 денари или 66,52% од вкупно планираните 600.000 денари за 2018 година. Во однос на вкупно реализираните расходи за 2018 година, овој вид на расходи учествува со 1,30%.

- Капитални расходи, реализирани се расходи во износ од 6.586.353 денари или 63,97 % од планираните 10.295.000 денари. Во однос на вкупно реализираните расходи на Буџетот за 2018 година, овој вид на расходи учествува со 21,57 %.

Прилог 2 – Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи на Основен Буџет

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	***42.684.000***	***30.530.966***
40 Плати и надоместоци	**10.468.000**	**8.760.642**
401 Основни плати и надоместоци	**6.870.000**	5.500.335
402 Придонеси за социјално осигурување	2.148.000	1.948.939
404 Надоместоци	1.450.000	1.311.368
41 Резерви и недефинирани расходи	**700.000**	**0**
413 Тековни резерви (разновидни расходи)	700.000	0
42 Стоки и услуги	17.771.000	12.600.007
420 Патни и дневни расходи	166.000	46.124
421 Комун. услуги, греење, комуник. и транспорт	3.780.000	3.136.066
423 Материјали и ситен инвентар	945.000	571.856
424 Поправки и тековно одржување	7.500.000	4.845.329
425 Договорни услуги	2.810.000	2.058.031
426 Други тековни расходи	1.370.000	843.441
427 Привремени вработувања	1.200.000	1.099.160
45 Каматни плаќања	**25.000**	**21.804**
452 Каматни плаќања кон домашни кредитори	25.000	21.804
46 Субвенции и трансфери	**2.825.000**	**2.162.993**
461 Субвенции за јавни претпријатија	700.000	683.000
463 Трансфери до невладини организации	295.000	84.745
464 Разни трансфери	1.780.000	1.380.271
465 Исплати по извршни исправи	50.000	14.977
47 Социјални бенефиции	**600.000**	**399.167**
471 Социјални надоместоци	600.000	399.167
48 Капитални расходи	**10.295.000**	**6.586.353**
480 Купување на опрема и машини	95.000	13.478
481 Градежни објекти	25.000	4.440
482 Други градежни објекти	9.855.000	6.270.799
483 Купување на мебел	0	0

485 Вложувања и нефинансиски средства	30.000	12.000
486 Купување возила	290.000	285.636

Прилог 2 – Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи на Основен Буџет

2.3 Буџет на наменски и блок дотации

- Извршувањето на приходите на Билансот на Блок дотации е во износ од 44.060.004 денари или 95,26 % од планираните 46.252.000 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	***46.252.000***	***44.060.004***
74 Трансфери и донации	**46.252.000**	**44.060.004**
741 Трансфери од други нивоа на власт	46.252.000	44.060.004

ПРИЛОГ 3 – Табеларен преглед на приходи од блок дотација

2.4 Расходи на блок дотации

- Извршувањето на расходите на Билансот на расходи од блок дотации е во износ од 42.820.094 денари или 92,57 % од планираните 46.252.000 денари.

-Учеството на пооделните видови на расходи во вкупно реализираните расходи за извештајниот период е следно:

- Плати, наемнини и надоместоци, реализирани се расходи во износ од 35.014.921 денари, или 98,27% од планираните 35.630.050 денари.

- Стоки и услуги, реализирани се расходи во износ од 6.227.999 денари или 75,33% од планираните 8.266.564 денари. Во однос на вкупно реализираните расходи од дотации за 2018 година овој вид расход учествува со 14,54%.

- За субвенции и трансфери реализирани се расходи 46.392 денари од планирани 46.392 денари што значи 100% искористување.

- За капитални расходи се реализирани 1.530.782 денари, што е 66,29% од планираните 2.308.994 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	46.252.000	42.820.094
40 Плати и надоместоци	***35.630.050***	***35.014.921***
401 Основни плати	26.044.550	25.556.884
402 Придонеси за социјално осигурување	9.585.500	9.458.037
42 Стоки и услуги	***8.266.564***	***6.227.999***
420 Патни и дневни расходи	60.000	26.083
421 Комун. услуги, греење, комуник. и транспорт	1.820.183	1.598.172
423 Материјали и ситен инвентар	1.945.181	1.254.204
424 Поправки и тековно одржување	1.728.000	1.018.032
425 Договорни услуги	2.145.200	1.958.976
426 Други тековни расходи	568.000	372.532

46 Субвенции и трансфери	***46.392***	***46.392***
464 Разни трансфери	46.392	46.392
48 Капитални расходи	***2.308.994***	***1.530.782***
480 Купување на опрема и машини	255.559	174.522
481 Градежни објекти	20.000	0
482 Други градежни објекти	2.003.435	1.356.260
483 Купување на мебел	30.000	0

ПРИЛОГ 4 – Табеларен преглед на расходи од блок дотација

2.5 Буџет на самофинансирачки активности

- Извршувањето на Приходите на Буџетот на самофинансирачки активности во програмите Н1 – Основно образование и В1 - Детска градинка се во износ од 2.061.083 денари, што претставува 39,55% од планираните 5.211.000 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**5.211.000**	**2.061.083**
72 Неданочни приходи	**2.208.489**	**1.903.979**
723 Такси и надоместоци	2.170.000	1.853.979
725 Други недано;ни приходи	38.489	50.000
74 Трансфери и донации	**3.002.511**	**157.104**
741 Трансфери од други нивоа на власт	3.002.511	157.104

ПРИЛОГ 5 – Табеларен преглед на приходи од самофинансирачки активности

2.6 Расходи на самофинансирачки активности

- Извршувањето на расходите на Билансот на расходи од самофинансирачки активности е во износ од 2.101.046денари или 40,31% од планираните 5.211.000 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	**5.211.000**	**2.101.046**
42 Стоки и услуги	**3.696.000**	**1.935.768**
420 Патни и дневни расходи	1.000	870
421 Комун. услуги, греење, комуникации и транспорт	265.000	198.990
423 Материјали и ситен инвентар	1.815.065	729.403
424 Поправки и тековно одржување	19.935	16.144
425 Договорни услуги	135.000	31.809
426 Други тековни расходи	260.000	107.349
427 Привремени вработувања	1.200.000	851.203
48 Капитални расходи	**1.515.000**	**165.278**
480 Купување на опрема и машини	1.270.000	111.459
481 Градежни објекти	70.000	23.069
482 Други градежни објекти	150.000	30.750
483 Купување на мебел	25.000	0

ПРИЛОГ 6 – Табеларен преглед на расходи од самофинансирачки активности

2.7 Буџет на донации

Од вкупно планираните 14.494.110 денари приходи од донации, реализирани се 5.450.830 денари, што претставува 37,60%.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ ПРИХОДИ	***14.494.110***	***5.450.830***
74 Трансфери и донации	**14.494.110**	**5.450.830**
741 Трансфери од други нивоа на власт	0	0
742 Донации од странство	14.494.110	5.450.830
743 Капитални донации	0	0
744 Тековни донации	0	0

ПРИЛОГ 7 – Табеларен преглед на приходи од донации

2.8 Расходи на Буџетот на донации

- Вкупното извршување на расходите од донации во 2018 година изнесува 5.988.712 денари, што претставува 41,31% од планираните 14.494.110 денари.

	ПЛАНИРАНО	РЕАЛИЗИРАНО
ВКУПНИ РАСХОДИ	***14.494.110***	***5.988.712***
42 Стоки и услуги	**301.450**	**32.738**
420 Патни и дневни расходи	121.450	420
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	20.000	0
423 Материјали и ситен инвентар	30.000	4.674
424 Поправки и тековно одржување	60.000	0
425 Договорни услуги	50.000	27.644
426 Други тековни расходи	20.000	0
48 Капитални расходи	**14.192.660**	**5.955.974**
482 Други градежни објекти	14.192.660	5.955.974

ПРИЛОГ 8 – Табеларен преглед на расходи од донации

3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност

3.1 Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност

3. 1- а Основни средства

Со извршениот попис на основните средства и ситниот инвентар на 31. 12. 2018 година, констатирано е дека вредноста на основните средства и ситниот инвентар (целокупниот имот на општината) изнесува 255.936.202 денари. Во извештајот за извршениот попис, кој веќе е усвоен од страна на Советот на општината, се поместени подетални податоци за активностите поврзани со пописот и евидентирањето на општинскиот имот. Податоци во врска со вредностите на истиот се поместени во билансот на состојба, кој е составен дел на овој извештај.

1-б Парични средства

Во текот на 2018 година, преку благајната на општината се исплатени разни сметки, евидентирани во 3 благајнички извештаи. Во текот на годината, во благајната се примени

28.000,00 денари, од кои се потрошени 22.868,00 денари,а остатокот од 5.132 денари е вратен на буџетската сметка. Салдото на 31.12.2018 година изнесува 0 денари.

3.1 – в Побарувања

Во сметководството на Општината, со состојба на 31.12. 2018 година се евидентирани побарувања по разни основи во вкупен износ од 16.003.012 денари. Поединечно овие побарувања се однесуваат на: побарувања од граѓаните по основа на неплатени даноци и такси за минати години, побарувања по основ на закупнини и други побарувања; побарувања од фирмите и вршителите на дејност за неплатени комунални такси и камати по истата основа ;побарувања од разни институции. Подетални податоци за побарувањата на општината се дадени во извештајот на централната пописна комисија.

3.1 - г Обврски

На 31. 12. 2018 година општина Чешиново – Облешево должи, по разни основи и кон разни добавувачи за набавени стоки и услуги, износ од 19.618.056 денари.

3.1 - д Извори на средства и нивни вредности

Во текот на 2018 година е завршена улица во с.Теранци и бунар во с.Спанчево,кои се финансирани од Проект за финансирање на општинските услуги (Компонентата ЕУ ИПА инвестициски грантови финансирани од страна на ЕУ), а беа реконструирани неколку патни правци односно улици.Се изврши реконструкција на тротоар на ул. “Асном” во с.Чешиново, финансиран од Биро за регионален развој и од Општина Чешиново-Облешево.Изградба на улица во с.Кучичино која е финансирана од Биро за регионален развој и Општина Чешиново-Облешево ,изградба на улици во повеќе населени места кој е финансиран од Проект за финансирање на општинските услуги (Компонентата ЕУ ИПА инвестициски грантови финансирани од страна на ЕУ),.

3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, донациите и дотациите

Инвестиционите активности се реализирани преку усвоените 18 редовни програми.

Изградбата на патишта и нивната реконструкција се врши преку програмите ЈД и Ј6.Беа исплатени средства за водовод од програмата ЈГ во износ од 8.914.538 денари во Јануари 2018 година кои се наменети за финансирање на под-проектот “Водоснабдување на с.Облешево”. Со тоа вкупно искористените средства од страна на Општина Чешиново-Облешево изнесуваат 15.287.134 денари.

Преглед на потрошените средства по одделни намени, односно средства, е даден во Билансот на приходи и трошоци, кој е составен дел на овој извештај.

4. Извештај за користење на средствата од резервите

Во Буџетот на на општина Чешиново – Облешево за 2018 не беа планирани средства за постојана резерва.

Тековната резерва (сметка 413110) во буџетот на општината за 2018 година беше утврдена на 700.000,00 денари. Од оваа сметка нема реализација.

5. Извештај во согласност со чл. 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

Во согласност со чл. 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, јас Милена Параклиев со ЕМБГ 2102991498022, вработен во општина Чешиново -

Облешево преку Агенција за привремени вработувања, на работното место Помлад соработник за изготвување на буџет, под полна морална и материјална одговорност, го давам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Според цитираната законски одредба, Помладиот соработник за изготвување на буџет до Советот на општината поднесува извештај во кој гарантира за точноста и веродостојноста на завршната сметка. Тоа претпоставува дека одговорниот сметководител континурано врши контрола на работата на сметководителот и останатите лица кои ги подготвуваат и создаваат финансиските документи во општината.

Таквата контрола беше присутна секојдневно и во секој сегмент од работата на одговорниот сметководител во текот на 2018 година. Согласно законската регулатива и интерните акти (Процедура за проток на документи во општина Чешиново - Облешево; Правилник за благајничко работење; Правилник за доделување на социјална помош, Методологија за распределба на блок дотациите во образованието; Сметководствените политики и останатите интерни акти на општината), се вршеше проверка на финансиските документи уште при нивниот прием. Откако ќе констатираше дека документите се формало и финансиски исправни, одговорниот сметководител ги заверуваше истите со свој печат и потпис со што потврдуваше дека по нив може да се изврши плаќање.

Доколку некој документ не беше формално или финансиски исправен или комплетен му се враќаше на коминтентот на докомплетирање или исправка.

Контрола се вршеше и при трошењето на парите од благајната на општината, при што секоја исплатена сметка поединечно е оверувана со потпис на одговорниот сметководител.

Одговорниот сметководител ги следеше и јавните набавки, при што нивните финални финансиски документи доаѓаа на одобрување кај него.

И покрај наведеното, потврдувам дека податоците искажани во билансите и шемите од Завршната сметка на Буџетот на општина Чешново - Облешево и во сите други документи што се составен дел на Годишниот извештај на Општина Чешиново - Облешево за 2018 година, произлегуваат и соодветствуваат со оние искажани во сметководството, кои пак се базираат на соодветни документи.

Извештајот го изготвува Милена Параклиев-помлад соработник за изготвување на буџет поради пензионирање на одговорниот сметководител на 31.12.2018 година.

Општина Чешиново – Облешево
Градоначалник

_____
Горанчо Крстев

Овластен сметководител
Јане Атанасов

_____

Март, 2019 година
Облешево

Помлад соработник за изготвување на буџет
Милена Параклиев

_____